Република Северна Македонија
Н О Т А Р
АНДРЕЈ ХРИСТОВ
ул.Јане Сандански бр.1/1 приземје
Битола 04.07.2022 година во 12,00 часот
четврти јули две илјади и дваесети и втора година

ОДУ бр.376/2022

Н О Т А Р С К И   А К Т
ЗАПИСНИК ЗА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД БИТОЛА
-и з в о д-

Јас Нотар Андреј Христов со службено седиште во Битола на ул.Јане Сандански бр.1/1 приземје, именуван за подрачјето на Основниот суд во Битола, запишан во именикот на нотарите што се води при Нотарската Комора на Република Северна Македонија, потврдувам дека денес, на ден четврти јули две илјади и дваесет и втора година во дванаесет часот, заради водење на записник на седницата на годишното Собрание на акционери на Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, со седиште во Битола на ул.Новачки пат бр.11, со ЕМБС 4167414, со ЕДБС 4002991112356, излегов надвор од нотарската канцаларија, во седиштето на друштвот, на ул.Новачки пат бр.11 Битола, а врз основа на чл.383 став 3 од Законот за трговски друштва.--
----

Собранието на акционери го отвори Петар Бакиевски во својство на полномошник на акционер, која кажа дека актуелниот председавач со акционерското собрание, избран на последното собрание, Томислав Давков е отсутен, па затоа собранието го отвори Петар Бакиевски кој ги поздрави присутните акционери, нивните застапниципп, членовите на менаџментот, нотарот и другите присутни. Во согласност со член 395, став 3, од Законот за трговски друштва, мандатот на претседавачот на собранието трае до изборот на претседавач на наредното собрание. На последното собрание на кационери, за председавач беше избран Томислав Давков, кој е отсутен, па затоа до избор на нов председавач Петар Бакиевски продолжи со процедуралниот дел од дневниот ред. ---
----

Собранието на акционери е свикано со објавување на јавен повик во весникот "Нова Македонија" на ден 02.06.2022 година, на интернет страната на ЗК Пелагонија и на интернет страната на Македонската берза. Предлог одлуките по точките од дневниот ред, се објавени на интернет страницата на ЗК Пелагониј и на интернет страната на Македонската берза. Материјалите на сите акционери им беа достапни во просториите на ЗК Пелагонија а.д. Битола, како и на интернет страницата на ЗК Пелагонија. -------------------------
----

Понатаму Петар Бакиевски ги извести присутните дека од извршениот увид во акционерската книга добиена пред одржувањето на собранието (на 01.07.2022 година - петок во 12 часот) и верификуваниот список на присутни акционери, односно нивни полномошници, се констатира дека е обезбеден кворум за работа, односно од вкупно 202.891 обични акции, друштвото има

стекнато 2.803 сопствени акции на кои правото на глас им мирува. Со оглед на ова, вкупниот број на кации со право на глас изнесува 200.088 акции. --------
Врз основа на списокот на пријавени акционери и нивни полномошници на ова собрание се присутни 10 акционери односно нивни полномошници, кои поседуваат вкупно 108.618 обични акции со право на глас, што претставуваат 54,29 % од вкупниот број на акции со право на глас. ------------------------------------
Од ова произлегува дека е обезбеден законскиот и статутарниот кворум за работа на ова акционерско собрание. ---
----
Петар Бакиевски кажа дека треба да се премине кон избор на Председавач на Собранието на акционери и дека председавачот не смее да биде член на Одборот на директори ---
----
Се преминува кон точка 3.1 од процедуралниот дел од дневниот ред, за избор на председавач, при што Петар Бакиевски ги повика присутните акционери да дадат предлог за Председавач со денешната седница на собранието. ----------
За збор се јави Анета Ѓоргиевска, кој предложи за Председавач со ова собрание на акионери да биде избран Петар Бакиевски. -----------------------------
Други предлози од присутните не беа дадени.---

Предлогот беше ставен на гласање и присутните акционери со 108.618 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---
----
------------------------------------**О Д Л У К А** ---
------------------------------ **за избор на председавач** ---

1. За претседавач на Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад - Битола, што се одржува на ден 04.07.2022 година, се избира ПЕТАР БАКИЕВСКИ. ---

2. Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад - Битола. ---

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.-------------------

//

Петар Бакиевски продоложи да ја води седницата, со предлог да се продолжи со изборот на работните тела и да се премине кон точка 3.2 од процедуралниот дел од дневниот ред и да се изберат бројачи на гласови.--------
Од своја страна предложи за бројачи на гласови да се изберат Николче Ристевски и Лидија Буревска. ---
Бидејки други предлози не беа дадени, председавачот својот предлог го стави на гласање и присутните акционери со 108.618гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната-
----
------------------------------------**О Д Л У К А** ---
------------------------ **за избор на бројачи на гласови** -----------------------

1. За бројачи на гласовите при гласањето на Годишното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" ад - Битола, што се одржува на ден 04.07.2022 година, се избираат :---
   - Николче Ристевски ---
   - Лидија Буревска. ---

2.Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.-------------------

//
Председавачот ги извести присутните акционери дека записникот за оваа седница на собранието го води Нотар Андреј Христов --------------------------------
//
Председавачот констатира дека процедуралниот дел е исцрпен и предложи да се премине кон работниот дел.---
Дневниот ред за денешната седница на Собранието беше објавен со јавниот повик во дневниот весник Нова Македонија на ден 02.06.2022 година, а истиот ден беше објавен и на веб страната на ЗК Пелагонија и на интернет страната на Берзата, со што им беше достапен на акционерите.Напомена дека собранието може да одлучува само за прашања кои согласно закон се уредно ставени на дневен ред. ---
Председавачот го прочита предложениот и објавениот деневен ред за оваа седница. --
----
-------------------------------------- **Д Н Е В Е Н Р Е Д** ---
----

I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

1. Отворање на Собранието на акционери
2. Констатирање на кворум за работа на Собранието
3. Избор на работни тела
3.1. Избор на претседавач на Собранието.
3.2 Избор на 2 бројачи на гласови.

II. РАБОТЕН ДЕЛ

-Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија"АД Битола одржана на 09.07.2021 година ОДУ бр.379/21.

1. Годишен извештај за работата на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година, со
- Предлог - одлука за усвојување.

2. Годишна сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година, со
- Предлог - одлука за усвојување.

3. Консолидиран годишен извештај за работата на групата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година, со
- Предлог - одлука за усвојување.

4. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата ЗК Пелагонијаг АД Битола за деловната 2021 година, со
- Предлог - одлука за усвојување.

5. Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година , со
- Предлог - одлука за усвојување.

6. Извештај за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година од овластениот ревизор, со - Предлог - одлука за усвојување.

7. Извештај за работата на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД - Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2021 година, со

- Предлог - одлука за усвојување.

8. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2021 година .

9. Донесување одлука за назначување на ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2022 година, со
- Предлог - одлука.

10. Предлог одлука за стекнување на сопствени акции.

11.Предлог одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции

12.Предлог одлука за избор на член на Одборот на директори
//
//
Председавачот го стави на гласање овој дневен ред и акционерите со 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, го прифатија и утврдија ваквиот дневен ред -----------------------
//
//
Председавачот Петар Бакиевски предложи да се премине кон разгледување на точките од работниот дел на дневниот ред. --
//
Председавачот предложи да се премине кон усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржана на ден 09.07.2021 година.--
Бидејки никој не се јави за збор и никој од присутните немаше забелешки во однос на овој записник, председавачот предложи да се донесе одлука за усвојување на записникот, па акционерите со 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следата ---
----
-- **О Д Л У К А** --

СЕ УСВОЈУВА Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржани на ден 09.07.2021 година -------------------------
//
//
ПРВА ТОЧКА : Председавачот предложи да се премине кон првата точка разгледување на Годишен извештај за работењето на ЗК Пелагонија АД Битола за деловната 2021 година, со предлог одлука за усвојување. -----------------------------------
Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и претресот го затвори и предложи да се донесе одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата за 2021 година, па присутните акционери со108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната --

-- **О Д Л У К А** --

за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЗК Пелагонија АД Битола за деловната 2021 година

----

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работата на ЗК Пелагонија АД-Битола за деловната 2021 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештај за работењето на ЗКгПелагонијаг АД Битола за 2021 година.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата.

4. Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

//
//

ВТОРА ТОЧКА : Председавачот предложи да се премине кон втората точка разгледување на Годишната сметка и финансиски на ЗК Пелагонија АД Битола за 2021 година, со предлог одлука за усојување. ------------------------------------

Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и претресот го затвори и предложи да се донесе одлука за одобрување на Годишната сметка и финансиски на ЗК Пелагонија АД Битола за 2021 година, па акционерите со 108.618 гласови ЗА, што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ----------------------------
----

-- **О Д Л У К А** --

за одобрување на Годишната сметка и финанските извештаи на ЗК"Пелагонија" АД за 2021 година

1 . СЕ ОДОБРУВААТ Годишната сметка и Финансиските извештаи на **ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" АД** Битола за 2021 година, според следните биланси:

- Биланс на состојбата на ден 31.12.2021 година ----------------
- Биланс на успехот со состојба на 31.12.2021 година ----------------

2. Во билансот на состојбата се искажани следните состојби:
- Вкупна актива ---------------------------- **4.331.159.138,00 денари;**
- Вкупна пасива ---------------------------- **4.331.159.138,00 денари;**

3. Во билансот на успехот се утврдуваат:
- Вкупни приходи -------------------------- **1.387.403.321,00 денари**
- Вкупни расходи ---------------------------- **1.351.486.180,00 денари**

4. Добивка за финансиска година :
- Добивка пред оданочување ---------------- **35.917.141,00 денари**
- Данок од добивка---------------------------- **1.499.182,00 денари**
- **Нето добивка по оданочување------------- 34.417.959,00 денари**

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

6. Примерок од одлуката да се достави до: Надлежните органи каде има потреба, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото.

//

//

ТРЕТА ТОЧКА : Председавачот предложи да се премине кон третата точка разгледување на Консолидираниот Годишен извештај за работата на групата ЗК Пелагонија АД Битола за деловната 2020 година ---------------------------------- Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и претресот го затвори и предложи да се донесе одлука за усвојување Консолидираниот Годишен извештај за работата на групата ЗК Пелагонија АД Битола за деловната 2021 година, па акционерите со 108.618 гласови ЗА, што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---

----

-- **О Д Л У К А** ---

за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работата на групацијата ЗК "Пелагонија" АД Битола за деловната 2021 година

----

1. СЕ УСВОЈУВА Консолидираниот годишен извештај за работата на групацијата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е Консолидираниот годишен извештај на групацијата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2021 година.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата.

4. Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

//

//

ЧЕТВРТА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон четвртата точка Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на групата ЗК Пелагонијаг АД Битола за деловната 2021 година, со предлог - одлука за усвојување. Председавачот што отвори претрес по истата. Бидејки никој не се јави за збор, председавачот предлог одлуката по оваа точка ја стави на гласање. --------------- Акционерите со 108.618 гласови ЗА, што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната -----------------------------

----

-- **О Д Л У К А** ---

за усвојување на Консолидираната годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи за ЗК "Пелагонија" АД Битола за деловната 2021 година

----

1. СЕ УСВОЈУВА консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2021 година.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, надлежните органи, материјалите на Собранието на акционери и архивата.

4. Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

//
//

ПЕТТА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон петтата точка од дневниот ред, Извештај за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година , со- Предлог - одлука за усвојување и .------------------------------

Во врска со петата и шестата точка од дневниот ред, председавачот го повика претставникот на друштвото за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје, Борислав Атанасовски да земе збор за овие две точки. -------

Борислав Атанасовски кажа дека ревизијата е извршена во согласност со сите меѓународни стандарди и законските прописи во РСМ и мислењето на ревизорот е изготвено и доставено согласно тие прописи. --------------------------

Бидејки никој друг не се јави за збор, председавачот го затвори претресот и предлог одлуката ја стави на гласање, па Акционерите со 108.618 гласови ЗА, што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---

----

--- **О Д Л У К А** ---

за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на а годишна сметка, финансиски извештаи и годишниот извештај за ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2020 година

----

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2021 година извршена од Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје.

2. Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2021 година

3. Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување

4.Примерок од Одлуката да се достави до Одборот на директори, Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје, Секторот за економско финансиски работи, извршниот директор, материјалите на Собранието на акционери и архиват на друштвото.

//
//

ШЕСТА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон шестата точка од дневниот ред Извештај за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај на групата ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2021 година од овластениот ревизор, со предлог одлука. --

Председавачот отвори претрес по истата. Бидејки никој не се јави за збор, председавачот предлог одлуката по оваа точка ја стави на гласање. -----------------------

Акционерите со 108.618 гласови ЗА, што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------------

----

-- **О Д Л У К А** --

за усвојување на Извештајот за извршената ревизија на Консолидираната годишна сметка, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај за ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2021 година

----

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за извршената ревизија на консолидираната годишната сметка, консолидираните финансиските извештаи и консолидираниот годишен извештај на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2021 година, извршена од Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје.

2. Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за извршената ревизија на консолидираната годишната сметка, консолидираните финансиските извештаи и консолидираниот годишен извештај на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за 2021 година

3. Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

4.Примерок од Одлуката да се достави до Одборот на директори, Друштво за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје, Секторот за економско финансиски работи, извршниот директор, материјалите на Собранието на акционери и архиват на друштвото.

///

СЕДМА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон расправање и одлучување по седмата точка од дневниот ред Извештај за работата на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола и одлучување за одобрување на работата на истиот за деловната 2021 година, соПредлог Одлука---
Председавачот предложи од аспект на извештајот за работа на Одборот на директори, да се спроведе постапка за поединечно гласање за одобрување на работата за секој член поединечно, а потоа да се гласа за текстот на предлог одлуката во целина а кажа и тоа дека за секој член од одборот ќе се гласа за различни периоди од годината во кои секој од нив бил член, како што е наведено во предлог одлуката. Председавачот отвори претрес и бидејки никој не се јави за збор го затвори претресот. ---
Се пристапи кон поединечно гласање. При спроведеното на поединечно гласање сите членови на Одборот на директори Цветан Панделески, Весна Белешовска Бунтевска, Зорица Арсовска, Лилјана Гајдоска, Александар Поповски, Александар Георгиев, Христина Фуна и Анета Ѓоргиев, добија по ист број на гласови, секој од нив по 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН. По спроведеното гласање и по целокупниот текст на одлуката, одлуката го доби истиот број на гласови, 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН па се констатира дека е донесена следната --------------

----

--- **О Д Л У К А** ---

за одобрување работата на Одборот на директори на ЗК Пелагонија АД Битола за 2021година

----

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија " Битола за 2021 година.

2. СЕ ОДОБРУВА работата за 2021 година на следните членовите на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола:

1. Цветан Панделески - претседател на Одборот на директори (за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година),
2. Весна Белешовска Бунтеска - извршен член на Одборот на директори (за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година),
3. Зорица Арсовска - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 01.01.2021 до 06.04.2021 година),
4. Лилјана Гајдоска - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 01.01.2021 до 06.04.2021 година),
5. Александар Поповски – неизвршен член на Одборот на директори (за период од 08.02.2021 година до 19.02.2021 година),
6. Александар Георгиев - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 06.04.2021 до 31.12.2021 година),
7. Христина Фуна - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 06.04.2021 до 11.11.2021 година),
8. Анета Ѓоргиев - неизвршен член на Одборот на директори (за период од 06.04.2021 до 31.12.2021 година).

3. Примерок од Одлуката да се достави до: членовите на Одборот на директори, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

4. Оваа одлука стапува во сила со нејзиното донесување.

//
//

ОСМА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон осмата точка од дневниот ред за распоредување на остварената добивка по годишната сметка за 2021 година на ЗК Пелагонија ад -Битола.---

Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор, акционерите со 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------

----

-- **О Д Л У К А** --

за распоредување на остварената добивка по годишната сметка за 2021 година на ЗК Пелагонија ад -Битола

Член 1

Остварената нето добивката по годишната сметка на ЗК вПелагонијаг ад- Битола за 2021 година, која по оданочувањето изнесува **34.417.959,00 денари, се распределува во реинвестирана добивка.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 3

Примерок од одлуката да се достави до: Надлежните органи каде има потреба, финансиско сметководствениот сектор на Друштвото, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото.

//

//

ДЕВЕТТА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон деветата точка од дневниот ред за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2022 година. ---

Председавачот отвори претрес по ова точка од дневниот ред и никој не се јави за збор, па предлог одлуката по оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање.Акционерите со 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ја донесоа следната -----------------------

----

--- **О Д Л У К А** --

за назначување овластен ревизор за ревизија
на годишната сметка и финансиските извештаи на
ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2022 година

----

1. За овластен ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за деловната 2022 година, **СЕ ОПРЕДЕЛУВА Друштвото за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје.**

2. Друштвото за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје има задача да изврши ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на ЗК "Пелагонија" АД Битола за 2022 година согласно законските прописи, а потоа да поднесе писмен извештај за резултатите од испитувањето .

3. Примерок од Одлуката да се достави до : Одборот на директори на ЗК"Пелагонија" АД Битола, Друштвото за ревизија РАСЕЛ БЕДФОРД Атанасовски ДООЕЛ Скопје, секторот за финансиско сметководствени работи, извршниот директор, материјалите за Собранието и архивата на Друштвото.

//

//

ДЕСЕТТА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон десетата точка од дневниот ред Предлог - одлука за стекнување сопствени акции со откуп. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на ЗК Пелагонија ад Битола, со предлог одлуката се предлага собранието на акционери да одобри стекнување на сопствени акции од страна на ЗК Пелагонија ад Битола, со откуп и тоа најмногу една десетина од основната главнина на Земјоделскиот комбинат Пелагонија Акционерско друштво - Битола, вклучувајки ги и досега откупените сопствени акции кои ги поседува ЗК Пелагонија ад Битола.Се предлага откупот на сопствените акции ќе се врши по пазарни односно берзански цени.Откупот на сопствени акции може да се изврши во време коешто не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на Одлуката. --

Председавачот отвори претрес по ова точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и го затвори претресеот, па акционерите со 108.618 гласови ЗА,

што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ја донесоа следната --

-- **О Д Л У К А** --

За стекнување со сопствени акции со откуп

Член 1

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на Земјоделскиот комбинат Пелагонија Акционерско друштво - Битола, вклучувајки ги и досега откупените сопствени акции кои ги поседува ЗК Пелагонија ад Битола.

Член 2

Откупот на сопствените акции ќе се врши по пазарни односно берзански цени.

Член 3

Откупот на сопствени акции од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на Одлуката.

Член 4

Правата од стекнатите сопствени акции мируваат.

Член 5

Се овластува извршниот директор да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на Друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза за долгорочни хартии од вредност.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

//

ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА. Председавачот предложи да се премине кон единаесетата точка од дневниот ред, донесување на Одлука за продажбан а сопствени акции од основачката емисија и тоа 2.803 сопствени акции кои претставуваат 1,12% од основната главнина на Друштвото со номинална вредност на една обична акција 70,213139 ЕВРА, чија продажба (оттуѓување) да се врши по минимална цена која не може да биде пониска од берзанската цена што ќе важи на денот на запишувањето на акциите.----------------------------
Председавачот отвори претрес по ова точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и го затвори претресеот, па акционерите со 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ја донесоа следната --

-- **О Д Л У К А** --

за одобрување продажба (оттуѓување) на сопствени акции од основачката емисија

Член 1

Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола, **ОДОБРУВА** продажба (оттуѓување) на 2.803 сопствени акции издадени од

Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола со седишта на ул.Новачки пат бр. 11 во Битола.

Член 2

Сопствените акции од член 1 на оваа одлука се обични акции од основачката емисија издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола и претставуваат 1,138% од основната главнина на Друштвото.

Номиналната вредност на една обична акција издадена од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА ад Битола е 70,213139 ЕВРА.

Член 3

Продажбата (оттуѓувањето) на сопствените акции од член 1 на оваа одлука ќе се изврши согласно одредбите од Законот за трговските друштва и одредбите од Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја.

Член 4

Продажбата (оттуѓувањето) на сопствените акции од член 1 на оваа одлука ќе се врши по минимална цена која не може да биде пониска од берзанската цена што ќе важи на денот на запишувањето на акциите.

Член 5

Сопствените акции што се предмет на продажба согласно оваа одлука се стекнати согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност.

Член 6

Целта поради кои се продаваат (оттуѓуваат) акциите од член 1 на оваа одлука е одржување стабилноста и ликвидноста на Друштвото и усогласување со законските одредби.

Член 7

Купувачите на понудените сопствени акции од оваа одлука ги стекнуваат правата на иматели на обични акции и тоа право на глас во Собранието на Друштвото, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото, согласно Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и Статутот на Друштвото.

Правата од став 1 на овој член купувачите на понудените сопствени акции од оваа одлука ги стекнуваат со денот на уписот во Централниот депозитар на хартии од вредност ад Скопје.

Запишаните и уплатени хартии од вредност по истекот на рокот за запишување и уплата, веднаш ќе бидат предадени за регистрирање во Централниот Депозитар за хартии од вредност ад Скопје.

Член 8

Секоја акција стекната од купувачите на понудените сопствени акции, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото со денот на уписот во Централниот Депозитар за хартии од вредност ад Скопје.

Начинот на исплата на дивидендата на обичните акции се врши согласно Закон и Статутот на Друштвото, а според дивиденден календар согласно Закон и Статутот на Друштвото.

Член 9

Се овластува Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, врз основа на оваа одлука да донесе своја Одлука за продажба на сопствените акции во која поблиску ќе биде определен начинот, условите и другите елементи на продажбата на сопствените акции согласно одредбите од Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја, како и да донесува други акти и да ги презема сите потребни дејствија, активности и податоци согласно Законот за хартии од вредност и подзаконските акти што ја регулираат оваа материја за реализација на оваа Одлука и по потреба заради спроведување на оваа одлука да донесува и други свои одлуки согласно оваа Одлука.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а реализацијата на правната работа од оваа одлука, односно спроведувањето на постапката за продажба на сопствените акции, ќе отпочне по симнување на ограничувањата.

//
//

ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА. Претседавачот предложи да се премине кон дванаесетата точка од дневниот ред за избор на член на Одборот на директори, за која е изготвена предлог одлука. ---
Претседавачот отвори претрес по ова точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор и го затвори претресеот, па акционерите со 108.618 гласови ЗА, што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ја донесоа следната --
----

--- О Д Л У К А --

за избор на член на Одборот на директори на
ЗК "Пелагонија" АД Битола

1. За член на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД - Битола се избира:

- СЕЛАУДИН АРИФИ со место на живеење ул. Крушевска бр. 10 во Кичево, економист, државјанин на Р.С.Македонија.

2. Членот на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола од оваа Одлука, се избира со мандат до траењето на мандатот на останатите членови на Одборот на директори.

3. Се овластува извршниот член на Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола да ја потпише целокупната потребна документација за упис на избраниот член во Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола, да избере регистрационен агент и да му даде полномошно за преземање на сите дејствија за составување и поднесување на пријавата и прилозите кон пријавата во Трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар на Р.С.Македонија, за упис на изборот на Селаудин Арифи за член во Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" АД Битола.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

//
//

Откако се исцрпи дневниот ред, Председавачот, им се заблагодари на присутните акционери и седницата на годишното собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола ја прогласи за затворена во 13,30 часот .--------------

Прдедседавач со Собранието на акционери
с.р.

Петар Бакиевски

///

Јас **Нотар Андреј Христов ПОТВРДУВАМ** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието.Председавачот со акционерското Собрание Петар Бакиевски го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. --

Овој акт е составен лично од нотарот и се состои 14 листови и на 14 страни----

Изворникот со придружната документација останува кај нотарот, а ЗК Пелагонија АД Битола добива 3 изводи. --

Нотарската такса за заверка по тарифен број 27 од Законот за судски такси во врска со чл.158 став 3 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари и трошоци 1.260,00 денари, согласно чл.41, 52 и 54 од Нотарска тарифа --------------------

ОДУ бр.376/2022

Битола 04.07.2022- четврти јули две илјади и дваесет и втора година-----------

Петар Бакиевски с.р.

Н О Т А Р
АНДРЕЈ ХРИСТОВ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР АНДРЕЈ ХРИСТОВ БИТОЛА

Јас, НОТАР АНДРЕЈ ХРИСТОВ
за подрачјето на Основниот суд Битола

потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е **прв** **извод** - потполн - во извадок, кон кого **не се приложени** преписи од прилозите на нотарскиот акт.

Број: ОДУ 376/2022 **НОТАР**
Во Битола 04.07.2022 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР АНДРЕЈ ХРИСТОВ БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР АНДРЕЈ ХРИСТОВ БИТОЛА